# 23. АЈДЕ БРАЛА МОМА БЕЛО ГРОЗЈЕ ЕМ ЦРНО




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

# 23. АЈДЕ БРАЛА МОМА БЕЛО ГРОЗЈЕ, ЕМ ЦРНО

1. Ајде брала мома
бело ми грозје, ем црно,
брала мома, бело ми грозје,
ем црно, ем црно.

2. Ајде наполнила
девет ми бочви со вино,
наполнила девет ми бочви
со вино, со вино.

3. Ајде отворила
среде друми меана,
отворила среде друми
меана, меана.

4. Ајде научил се
Дренополскиот делија,
научил се Дренополскиот
делија, делија.

5. Ајде точи вино
немерено девојче,
земај пари неброени,
ѓаволче, ѓаволче.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996